# СНОШЧИ МИ ДОЈДОА




*Сношчи ми дојдоа, мамо, сношчи ми дојдоа*
*три мина мајстори.*
*Три мина мајстори, мамо, три мина мајстори*
*од горната маала.*

*Оди да опиташ, мамо, оди да опиташ*
*шчо абер ми носе.*
*Шчо абер ми носе мамо, шчо абер ми носе*
*од моето момче.*

*Од моето момче, мамо, од моето момче,*
*од твоето дете.*
*Ако е преженет, мамо, ако е преженет,*
*брго да си дојдиш.*
*Ако не е женет, мамо, ако не е женет,*
*посеј, поприкажвај.*

Ѓорѓи Доневски. Сокол ми лета високо. Скопје, 1978